Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Бр.-Nr. УП1 14-925
28-05-2019 год.-viti
Скопје Shkup

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

Pranuar / Примено / Received: 30.05.2019

| Nj.org. / Орг.единица / Org.unit | Numer / Број / No. | Shtojcë / Прилози / Attachment | Vlëra / Вредност / Value |
|---|---|---|---|
| 03 | 39/4 | 0 | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), и врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 126/16 и 127/16), министерот за образование и наука го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Бизнис информатика на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Бизнис информатика на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово се има обратено со барање број 03-39/3 од 23.04.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш број УП1 14-925 од 24.04.2019 година, за издавање на решение за почеток со работа на студиска програма од прв циклус четиригодишни студии по Бизнис информатика на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии, а по добиено Решение број 1409-26/3 од 15.04.2019 година за акредитација на студиската програма „Бизнис информатика“ прв циклус студии на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-925 од 10.05.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-925 од 17.05.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Бизнис информатика на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Министер,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:

- Примач
- Архива

Изработил: Билјана Анастасовска
Проверил: Снежана Лузевска
Одобрил: Dr. Agim Rushiti

[1] 03-39/4 [2019]